МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4393/**

# З А П И С Н И К

**Од 223.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 25.07.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова **(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи **(скајп)**. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Виолета Димовска-раководител во Одделението за планирање и буџет во МРТ. |

Седницата почна во 11.30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 222.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.04.2023-30.06.2023 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 222.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 222.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 222.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 222.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.04.2023-30.06.2023 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ, со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2023-30.06.2023година.
Виолета Димовска раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ Во второто тримесечје од 2023 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 346.264.241 денар и расходи во износ од 259.689.221 денар, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 86.575.020 денари.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.04.2023-30.06.2023 година без забелешки.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2023-30.06.2023година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2023-30.06.2023 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2023-30.06.2023 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По расправата по однос на оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија на 223.Седница одржана на ден 25.7.2023 година ја разгледа информацијата за предлогот за промена на Законот за АВМУ со кој е предвидено членот за финансирање на радиодифузната дејност, процентот за финансирање да се намали од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Македонија на 0.9% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Македонија.
Го повикуваме Министерството за информатичко општество и администрација доследно да се држи на процентот утврден и изгласан во Собранието на РСМ.
Намалувањето на износот за финансирање на ЈРП Македонска Радио Телевизија ќе доведе до нарушување на нормалното функционирање на Јавниот медиумски сервис Македонска Радио Телевизија.

Врз основа на горенаведеното Програмскиот совет на МРТ изразува длабока загриженост бидејќи наместо развој на Македонска Радио Телевизија ќе доведе до нејзино постепено згаснување.
Доколку се спроведат најавените измени на Законот за АВМУ, единствениот виновник за вакви драстични последици ќе бидат Министерството за информатичко општество и администрацијатави Владата на Република Македонија.

-По спроведеното гласање Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател